# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

# РЕВИДИРАНА НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА МАЛИТЕ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА (2002 - 2013)

**Скопје, април 2007**

## 1. ВОВЕД

Националната стратегија за развој на малите и средни претпријатија (МСП) претставува основна насока за остварување на визијата, зададените цели и приоритети во областа на претприемништвото и малите и средни претпријатија во еден долгорочен период. Во неа, се утврдени ограничувањата и проблемите во оваа област, и предложени основни насоки и мерки за нивно решавање. Реализацијата на Националната стратегија се остварува преку среднорочни програми, кои содржат конкретни цели, мерки и активности, со утврдени финансиски средства, потребни за нивно спроведување.

Во 2002 година, Владата на Република Македонија усвои Национална стратегија за МСП за периодот од 2002 до 2012 година, како и Програма на мерки и активности за поддршка на развојот на претприемништвото и конкурентноста на малите бизниси во периодот од 2003 до 2006 година. Во март 2007 година усвоена е новата Програма за развој на претприемништвото конкурентноста и иновативноста на малите и средни претпријатија (2007-2010)

Од донесувањето на Националната стратегија изминаа 4 години, во кои се постигнати значајни резултати во развојот на МСП. Но, истовремено се случија и повеќе промени кои ја наметнаа потребата од иновирање на Националната стратегијата 2002-2012 и нејзино надградување и проширување на хоризонтот на планирање до 2013 година.

Република Македонија доби статус на земја кандидат за пристапување кон Европската унија (ЕУ), што имаше важни импликации за Стратегијата и Програмата во однос на забрзување на хармонизацијата на националното со законодавството на ЕУ, како и потребата за доследно спроведување на Европска повелба за мали претпријатија. Исто така, новите иницијативи како што се инструментот за пред-пристапна помош (ИПА) и Рамковната програма на ЕУ за конкурентност и иновативност (CIP 2007-2013), претставуваат нови предизвици во однос на науката, технологијата и иноваторството како и информатичката и комуникациската технологија (ИКТ) за зголемување на конкурентноста на МСП.

Владата на РМ во својата Програма за периодот 2006-2010 година, стави силен акцент на развојот на МСП. Фокусот е ставен на зголемување на конкурентноста на македонските претпријатија, на домашните и странски директни инвестиции (СДИ) како и на подобрување на капацитетот на јавните институции за спроведување на реформите.

## 2. РАЗВОЈ НА МСП

Од 2003 година, секторот на МСП продолжува успешно да се развива. Бројот на активни МСП (правни лица) се зголемил за 25% (од 37.000 во 2002 година на 44.000 во 2005 година), што претставува просечно зголемување од околу 2.300 МСП просечно годишно. Вредноста на бруто производството го следи позитивниот тренд со учество на МСП од 70% во вкупната вредност за 2005 година, во споредба со 54% во 2003 година. Во однос на бројот на МСП на 1.000 жители, тој се

зголемил од 19 на 22. Како резултат на тоа, вработувањето се зголемило за 32% од 110.000 (во 2002 година) на 145.000 вработени (во 2005 година).

Националната стратегија и Програмата имаа за цел да го поддржат секторот на малите и средни претпријатија преку градење нова и јакнење на постојната институционалната инфраструктура, подобрување на правното опкружување и обезбедување на нефинансиски и финансиски услуги.

Во изминатиот период основана е, врз основа на закон, Агенцијата за поддршка на претприемништвото на РМ (АППРМ), која има задача да ги реализира Програмите и проектите на Владата на Република Македонија, како и другите проекти, поддржани со средства од донаторите.

Агенцијата ги реализира проектите преку регионалните центри – Фондации за развој на МСП (Велес, Скопје, Куманово, Битола, Струмица), Агенциите за претпријатија (Тетово, Гостивар и Охрид), Регионалната агенција за развој на претпријатија -ПРЕДА во Прилеп, Ромскиот деловен центар во Скопје, седум деловни инкубатори во: Охрид, Делчево, Македонска Каменица, Штип, Прилеп, Струмица и Велес; три агенции за технолошки развој на Машинскиот и Земјоделскиот факултет во Скопје, како и на Техничкиот факултет во Битола; Универзитетски центар за нови бизниси при Машинскиот факултет во Скопје итн.

Основана е Опсерваторија за МСП, која служи како мониторинг механизам за собирање и анализирање на информациите и индикаторите на секторот на МСП, кои се во функција на креирање на идната политика на Владата во оваа област.

Основан е Фондот за развој на човекови ресурси, како интегрален дел од АППРМ, со основна функција на јакнење на менаџерските способности и вештини на раководните тимови на претпријатијата.

Основан е Евро инфо кореспондентен центар, кој е дел од мрежата на преку 300 центри на ЕУ.

Во општините, се отворени канцеларии за локален економски развој, за чија работа се одговорни локалните власти.

Формирани се механизми за јавен-приватен дијалог, како што е Националниот совет за претприемништво и конкурентност и Форумот за МСП.

Кај приватниот сектор, се основани нови комори и секторски организации , кои го проширија протфолиото за услуги кои се нудат на МСП.

Значително се подобри правното опркужување на МСП, односно поволната деловна клима, со измената и усвојувањето на голем број на закони во однос на директивите (упатствата) на ЕУ. Дел од нив се: Законот за трговски друштва, Законот за едношалтерски систем, Законот за договорен залог, Законот за стечај, Законот за извршување, Законот за вршење на занаетчиска дејност, Законот за

Македонската банка за поддршка на развојот, Законот за лизинг, Законот за коморите итн.

Нефинансиската поддршка е обезбедена во форма на обуки и семинари, организирани од страна на АППРМ и реализирана преку регионалните центри. Тие покриваа голем обем на услуги од областа на општиот менаџмент, маркетинг и сметководство. Воведена е Ваучер програмата за консултантски услуги со цел да им се помогне на потенцијалните претприемачи и на малостопанствениците, на кои им е потребна консултативна помош и подршка во водењето на нивните претпријатија. Едновремено, Програмата за Ваучерско советување е во функција на охрабрување на побарувачката заваквите услуги за деловна поддршка на претпријатијата.

Генерално, преземените мерки за нефинансиската поддршка им помогнаа на претприемачите да ги зајакнат деловните вештини и знаења, и да ја зголемат нивната конкурентност.

Обезбедени се повеќе видови на финансиски услуги, со што се зголеми пристапот до финансии на малите и средни претпријатија. Комерцијалните банки го зголемија нивото на кредитирање за претпријатијата, преку нудење поприфатливи услови, додека хипотекарните барања беа намалени поради подобрувањата на заложниот систем.

Покрај постојните два приватни, основан е и државен гарантен фонд, во рамките на Македонска банка за поддршка на развојот. Основана е Про Кредит банка за финансирање на МСП, а започна да се развива и кредитирањето по пат на лизинг.

## 3. СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ

Сегашниот број на претпријатија на 1.000 жители, учеството на МСП во вработувањето и во БДП, споредено со просекот во ЕУ, покажуваат дека развојот на претприемништво и нивото на конкурентност на МСП треба позабрзано да се одвива во иднина.

Визијата на Националната стратегијата, која треба да биде остварена до крајот на 2013 година, е зголемување на вработувањето во малите и средни претпријатија и нивното учеството во создавање на БДП.

***Цели***

- Зголемен број на МСП
- Зголемено вработување кај МСП
- Зголемен придонес на МСП во создавање на БДП

Тргнувајќи од обновената Лисабонска агенда, Европската повелба за мали претпријатија, како и Програмата на Владата на РМ, фокусот на Стратегијата е насочен кон следните цели, преку кои ќе се остварува незината визија.

***Цели***

- Подобрувања  во креирањето на политиката
- Поедноставување на правното и регулаторното опкружување
- Подобрување на пристапот до финансии
- Поедностатување на оданочувањето
- Промовирање на информатичката и комуникациската технологија
- Науката, технологијата и иноваторството во функција на развојот МСП
- Промовирање на претприемништвото во образованието и обуката
- Охрабрување на интернационализацијата на МСП
- Подобрување на услугите за деловен развој
- Јакнење на дијалогот меѓу јавниот и приватниот сектор

## 4. АНАЛИЗА НА ПРОБЛЕМИТЕ И МЕРКИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ЦЕЛИТЕ

### 4.1 ПОДОБРУВАЊЕ ВО  КРЕИРАЊЕТО НА ПОЛИТИКАТА

**Системот на планирање** во  областа на МСП во пракса е обременет со одредени ограничувања**.** При креирањето на  политиката во областа на развојот на претприемништвото и на МСП не е најсоодветна координацијата меѓу министерствата, а недостасува  и работно тело, кое ќе обезбедува конзистентност и континуитет. Од друга страна, и координацијата меѓу донаторите, како и на донаторите и Владата, не е доволно насочена кон остварување на заедничката цел - развој на МСП. Сеуште не се доволно развиени и механизмите за консултација со приватниот сектор (како на пример Форумот за  МСП). Во развојна фаза се сеуште и ново воспоставените институции за поддршка на малостопанствениците.

Поради овие околности, потребно е политиката за МСП да  биде целосно интегрирана во целокупниот економски **процес на планирање,**  за да се обезбеди синергија и да се избегнат преклопувањата.

Неопходно е да бидат воспоставени механизмите за поефикасна координација на сите релевантни институции (министерства, агенции, владини тела, донатори, приватен сектор) со цел заеднички да бидат реализирани целите утврдените во оваа  Стратегија.

Во таа насока, ќе се утврди  унифицирана и хармонизирана дефиниција за МСП, како и јасна формулација на критериумите за поддршка на МСП. Реализацијата на оваа иновирана и ревидирана Стратегија ќе биде спроведена преку среднорочните и годишни програми за развој на малите и средни претпријатија.

Мерки и активности

- Усвојување на поефикасни механизми за координација помеѓу сите вклучени страни во процесот на креирање и донесување на политиката за МСП.
- Корисетење на европските практики при процесот на донесување на политиките за МСП
- Усвојување на дефиниција за МСП согласно  со таа во ЕУ

## 4.2 ПОЕДНОСТАВУВАЊЕ НА ПРАВНОТО И РЕГУЛАТОРНОТО ОПКРУЖУВАЊЕ

**Правното опкружување и деловната клима** се' уште, во доволна мера, не го поддржуваат побрзиот развој на претприемништвото. И покрај воведувањето на едношалтерскиот систем, процесот на деловно регистрирање е сеуште комплексен, принципот - молчењето значи одобрување единствено се применува при регистрацијата на занаетчиите, додека нивната регистрација не е интегрирана со таа на трговските друштва. За некои МСП, влезот на пазарот е ограничен поради потешкотиите и скапите процедури за добивање лиценци.
Недостатокот од формално и систематско оценување на влијанието на законската регулативата (RIA) го ограничува јасното разбирање на позитивните и негативните влијанија врз МСП, а директивите на ЕУ, сеуште не се целосно пренесени во националното законодавство.

Затоа, правното опкружување треба да биде реформирано за да ги намали тешкотиите во следење на регулативата за МСП, а истовремено да биде во насока на поддршка на претприемништвото, иноваторството и развојот.

Регистрацијата на стопанските субјекти е поедноставена во однос на потребните документи, и е забрзана, со што оваа пречка во развојот на претприемништвото е отстранета. Едношалтерскиот систем функционира од почетокот на 2006 година. Со него се опфатени и занаетчиите. Сепак, издавањето на лиценци и дозволи останува сеуште надвор од услугите што ги дава едношалтерскиот систем.
Особено се присутни проблемите за добивање на дозволи за градба.

Преку поголемата примена на информатичко-комуникациската технологија (ИКТ) ќе се овозможи полесна комуникација на претприемачите со Владата и со јавната администрација.

Работа на инспекциските органи ќе треба да биде објективна и организирана кон доследно следење на законите.

Ќе биде воведено оценување на регулаторното влијание, како постојан механизам при подготовка на законите и процесот на хармонизирање со легислативата на ЕУ.

Мерки и активности:

- Преглед и оценка на постоечките регулативи за МСП
- Фокусирање на регулативите и отстранување на оние, кои не се од јавен интерес
- Воведување на критериум за подготвување на нови закони/регулативи со цел намалување на административните трошоци
- Зголемување на употребата на Оценката на регулаторното влијание, при подготвување на нови закони и регулативи
- Зголемување на транспарентноста на работата на државната и општинската администрација
- Намалување/укинување на основачкиот капитал

- Воведување на единствена регистрациона форма како и можност за он-лајн регистрација
- Намалување на времетраењето за регистрација на претпријатие
- Воведување на механизми за побрзо и поефикасано завршување на стечајните процеси
- Намалување на постапките за издавање на лиценци и отварање на едношалтерски систем за лиценци
- Поедноставување на процедурите за добивање на градежни дозволи.

## 4.3 ПОДОБРУВАЊЕ НА ПРИСТАПОТ ДО ФИНАНСИИ

Пристапот до **финансии** е сеуште ограничен, поради сложеноста на процедурите на банкарски систем и финансиското посредување. Кредитирањето на претпријатијата, особено новите, од страна на комерцијалните банки е несоодветно, поради нивната незаинтересираност и страв од ризик. Потребно е поголемо учество на институциите кои обезбедуваат микро финансирање а особено за почетниците во стопанисувањето. Во отсуство на приватно кредитно биро и нереално прикажување на паричните текови на МСП, нивното кредитирање е отежнато и ограничено.

При кредитирањето на МСП сериозен проблем и понатаму остануваат високите хипотекарни барања, како и недостатоците кои се јавуваат во режимот на сигурни трансакции. Сеуште, пазарот за алтернативните финансиски инструменти (лизинг, факторинг, и заеднички, ризичен капитал) не е добро развиен, покрај другото и поради недоволно развиена свест кај претприемачите за нивно поголемо користење.

Ќе се продолжи со реформирање и либерализирање на банкарскиот сектор и финансиското посредување, со либерализација на влезот на пазарот и следење на директивите на ЕУ за подобрување на пристапот до финансии. Владата ќе започне дијалог со банкарскиот сектор за да го поттикне поголемото и полесно кредитирањето на МСП. Ќе биде поддржано воспостувањето на приватно кредитно биро, со цел банките да ги добијат потребните информации за оценување на кредибилитетот на МСП. Ќе биде воспоставен режимот на сигурни трансакции во однос на хипотеката, а тоа ќе го поддржи кредитирањето базирано, не само на недвижности, туку и на вредноста на целокупната актива. (пример: машини, опрема итн.). Исто така**,** ќе биде преиспитано функционирањето на Државниот гарантен фонд, со цел да биде поефикасен.
Ќе бидат промовирани алтернативни финансиски инструменти како и правна рамка за нивно функционирање.
Ќе се формираат инвестициски фондови - еквити фондови со учество на реномирани меѓународни финансиски организации и институции и со комерцијални домашни и странски банки, како и кредитни фондови фондови за заеднички вложувања и ризичен капитал.

Мерки и активности:

- Полесен пристап на почетниците до мали заеми
- Отварање на инвестициски фондови – еквити фондови, кредитни фондови. фондови за заеднички вложувања и ризичен капитал

- Поддршка за отварање на приватни кредитни бироа за соодветно оценување на кредибилитетот на претпријатијата
- Поддршка за финансирање на мали извозни претпријатија преку обезбедување на заеми со поволни услови за покривање на трошоците поврзани со извозот
- Намалување на каматните стапки за кредитирање на МСП и намакување на хипотекарните барања
- Промовирање на алтернативните начини за финансирање
- Создавање на кредитни гарантни фондови и програми
- Поедноставување и воведување на потранспарентни финансиски трансакции
- Зголемување на СДИ

## 4.4 ПОЕДНОСТАТУВАЊЕ НА ОДАНОЧУВАЊЕТО

Иако е воспоставен модередн **даночен систем** во државата, сепак, тој не е доволно стимулативен за МСП а посебно за новите претпријатија. Истовремено, даночниот систем не е доволно едноставен за малите и нови стопанственици. Од друга страна даночната администрација сеуште не е доволно ефикасна, а отсуствува и можноста за електронско плаќање на даноците, како и полесно следење на даночните обврски од страна на малостопанствениците..

Усвоен е нов, рамен данок на добивка и на пресонален доход, со поволни стапки за МСП. Едновремено направени се и даночни олеснувања за микро претпријатијата и можност за паушално оданочување.
Потребно е да се продолжи со развој на принципот на неутралност, еднаквост и поедноставување на даночниот систем, и создавање на модерен, усогласен со релевантните директиви на ЕУ за деловното оданочување. Исто така, ќе се изврши целосно поедноставување на даночното известување преку зголемена употреба на електронско оданочување.

Крајна цел е создавање на даночен систем кој е лесен за следење од даночната администрација и обврзниците, кој може да одговори на барањата на растечката пазарна економија и како резултат на тоа да се постигне зголемување на даночните обврзници.

Меки и активности

- Даночно ослободување и олеснување за нови претпријатија
- Зголемена употреба на електронско оданочување
- Воведувања на даночни ослободувања за реинвестирана добивка
- Целосно спроведување процедурите за повраток на ДДВ

## 4.5 ПРОМОВИРАЊЕ НА ИНФОРМАТИЧКАТА И КОМУНИКАЦИСКАТА ТЕХНОЛОГИЈА

**Информатичката и комуникациската технологија** (ИКТ), како фактор за раст на продуктивноста и конкурентноста на МСП, е во почетна фаза на развој во однос на електронското бизнис (работење) и електронска Влада, а во однос на развојот во ЕУ, заостанува за повеќе од пет години. Не е воспоставена соодветна правна рамка и нивото на инфраструктурата на ИКТ за МСП е ниско. Исто така,

недостасува и соодветно  образование за ИКТ (во образовниот систем и во обуките, како перманентно образование).

Ќе биде комплетирана правната рамка за развојот на **ИКТ**  со цел да се поддржи е-бизнис и е-Влада. МСП ќе бидат охрабрени повеќе да го користат Интернетот како потребен инструмент во нивното деловно работење, а  електронските јавни услуги ќе бидат зголемени, за да ги покријат сите релевантни услуги на МСП. Ќе биде воспоставена модерна, лесно пристапна и прифтлива инфраструктура за ИКТ, по прифатливи цени за пристап до Интернет.

Мерки и инструменти

- Поголемо искористување на ИКТ
- Намалување на трошоците за користење на ИКТ
- Усвојување на соодветна легислатива за е-Комерц и е-Бизнис, врз основа на искуството од земјите на ЕУ
- Промовирање на концептот еВлада и услугите кои се достапни за МСП

## 4.6 НАУКАТА, ТЕХНОЛОГИЈАТА И ИНОВАТОРСТВОТО ВО ФУНКЦИЈА НА ЈАКНЕЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА НА МСП

**Науката, технологијата и иноваторството** (НТИ), како клучни развојни фактори во конкурентните економии, базирани на знаење, во РМ се маргинализирани, со многу мала вредност која се одвојува од БДП. Како резултат на тоа иновацискиот капацитет на МСП е многу ограничен. Од друга страна,  МСП одвојуваат многу мали  средства во нови технологии.
Врските помеѓу универзитетите и стопанството се недоволно развиени, а постои недостаток од свест за корист од НТИ за зголемување на конкурентноста. Не постои ризичен капитал за иновациски активности на претприемачите. Не постојат финансиски стимулации или олеснувања за инвестирање во нова технологија и иновации, а непостојат ниту институции (иновативни центри, агенции за трансфер на технологија, истражувачки центри, лаборатории итн) за помош на МСП во обласа на новите технологии и иновации.

Преку промотивни активности ќе се подигне свеста кај МСП за работи поврзани со **НТИ**, а со тоа  ќе се обезбеди и повисок абсорпционен капацитет. Зголемување на средства, за оваа намена, ќе се обезедат преку иновативно ориентирани програми и проекти, а научно-деловната соработка ќе биде зајакната. Правното опкружување ќе биде и понатаму подобрувано, за да овозможи поттикнување на иноваторството.
Ќе продолжат активностите за зајакнување на постоечките кластери, а основање и нови во интерес на зголемување на конкурентната способност на МСП.
Ќе јакне света на национално и локално ниво за важноста на здружувањето во кластери во интерес на конкурентно производство и зголемен извоз.
Мерки и инструменти:

- Поттикнување на приватниот сектор да ја зголеми вредноста на инвестиициите во истражување и развој.
- Основање на институции за истражување и развој  за трансфер на технологии, за нови технологии и иновации

- Поддршка на технолошкиот развој на МСП
- Воведување на даночни олеснувања за МСП секторот за инвестирање во истражување и развој, односно финансиски стимулации
- Подигање на свеста за важноста на ИиР на редовните состаноци, конференции, итн. во мрежата на деловни асоцијации.
- Одредување на релевантни индикатори за следење на развојот во науката, технологијата и иновациите согласно со најдобрите пракси на ЕУ (Иновативна таблица)
- Зголемување на бројот на фирмите корисници на средства за развој, и висината на средствата кои државата ги одделува за оваа намена
- Јакнење на постојните и создавање на интерес за создавање на нови кластери.

## 4.7 ПРОМОВИРАЊЕ НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

Формалниот **образовен систем** во основното, средното и високото образование, не е сеуште соодветно насочен кон подготовка на учениците за **претприемништвото** и зголемување на претприемачката култура и дух. Доживотното учење не е развиено и недостасува соодветна правна рамка. Сеуште постои скептицизам кон претприемништвото, тоа не е доволно афирмирано, дури понекогаш има и негативна конотација. Сите овие фактори, влијаат луѓето да не се определуваат за самовработување односно да станат претприемачи. Релевантните институции ќе треба посилно да делуваат и да ги поттикнат претприемачките идеи кај поединците во областа на стопанисувањето.

Преку програмите и проектите за подигање на свеста за **претприемништвото**, вклучувајќи го системот на наградување на успешните претприемачи, со што ќе се зајакне претприемачка култура и дух.
Претприемачките програми кои веќе постојат во училиштата, како дополнителна активност, ќе бидат вклучени во формалното примарно и секундарно образование. Исто така, и во високото образование, ќе бидат развивани и реализирани курсевите за претприемништво. Покрај формалниот образовен систем, пристапот кон можностите за претприемачко учење и обука, како дел од доживотното учење, ќе биде подобрен и ќе биде воспоставена соодветна правна рамка за поддршка во овој домен.
Мерки и инструменти

- Воведување на претприемништвото во образованиот систем
- Промовирање на претприемништвото во неформалното образование, односно во доживотното или перманентно образование
- Отварање центри за обука за МСП
- Подигање на свеста на учениците за претприемништвото
- Воведување на додипломски студии за претприемништво
- Поддршка на партнерството за претприемачко учење (министерства и други релевантни институции)

## 4.8 ОХРАБРУВАЊЕ НА ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈАТА НА МСП

**Интернационализацијата** на МСП е мала поради низата бариери . Ова се однесува на големите трошоци во процесот на интернационализација (внатрешна бариера), потоа недостаток од капитал или финансии (надворешна бариера) , како и

високиот деловен и финансиски ризик. Честопати, стопанствениците немаат јасна идеа и стратегија во почетната фаза, а постои и недостаток од способност за спроведување на стратегии поради несоодветно планирање и вештини. Потребна е знаење и подготвеност на стопанствениците за вклучување во меѓународни те пазари, како што се знаење за условите на странските пазари, законите и регулативите, како и културните разлики кои не се доволно познати. Користите од ИКТ во форма на продажба, базирана на веб страни, или Интернет маркетинг не се искористени.

Во таа насока ќе бидат поддржани МСП во нивните обиди за **интернационализација** преку низа мерки со кои со кои ќе се зголеми нивната конкурентност и способност за извозот на странските пазари. Така, ќе се обезбеди помош при промоцијата на производите (на пр. учество на трговски саеми), давање на деловни информации за странските пазари, информации за дистрибутивните канали итн.

Поддршката ќе биде обезбедена и преку извозни кредити, извозно осигурување, извозни гаранции.

Мерки и активности

- Намалување на бариерите за извоз
- Унапредување на процесот за стандардизација и услогласување со стандардите на СТО, ЕУ и други меѓународни организации
- Намалување на давачките за увоз на производи и услуги (репроматеријали) наменети за извоз
- Поддршка при организирање и учество на МСП на трговски саеми
- Поголема информираност за странските пазари
- Поддршка на партнерски мрежи и програми

## 4.9 ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛУГИТЕ ЗА ДЕЛОВЕН РАЗВОЈ

МСП не се доволно и најсоодветно поддржани од страна на институциите за поддршка и помош на МСП, преку добивање на соодветни услуги за деловно работење.

МСП немаат лесен пристап до деловни услуги, а постои и недоволна информираност за потенцијалната корист од надворешната советодавна помош.

Ќе се зајакне капацитетот на постојните институции за деловни услуги на МСП, а ќе се основаат и нови во општините каде што не постојат.

Ваучерскиот систем за консултантските услуги ќе јакне и ќе се подобрува квалитетот на консултантските услуги со воспоставување и примена на меѓународни стандарди. Ќе се влијае на зголемувње на свеста на МСП за потребата од услугите.

Мерки и активности:

- Јакнење на капацитетот на постојните и отварање на нови деловни центри
- Развивање на ефективен пазар за деловни услуги
- Олеснување на пристапот до информации за консалтинг услугите и советодавна поддршка за МСП
- Постојано едуцирање за претприемништво и деловна економија
- Промовирање на технолошките паркови, претприемачките зони, инкубаторите и другите организации за деловна поддршка

- Воведување на стандарди за квалитет во деловните услуги
- Продолжување со активностите поврзани со ваучер системот за консултанстки услуги
- Промовирање на иноваторството и информатичката технологија
- Организирање на кампањи за подигање на свеста на претприемачите
- Отварање на национално сертификациско тело за консултанти

**Услугите за деловен развој ќе бидат обезбедени од страна на:**

- Регионални центри и агенции
- Фондот за развој на човечки ресурси
- центри за обука и центри за деловен развој
- Консултанти, консултантски фирми
- Институции и претставници на приватниот сектор како асоцијациите и коморите
- Универзитетите и институтите
- Големите претпријатија
- други

### 4.10 ЈАКНЕЊЕ НА ДИЈАЛОГОТ МЕЃУ ЈАВНИОТ И ПРИВАТНИОТ СЕКТРОТ

Воспоставен е дијалог помеѓу јавниот и приватниот сектор во интерес на поефикасен економски развој и создавање на поволна клима за деловно работење. Основан е Национален совет за претприемништво и конкурентност (НСПК) и Форум за МСП како плато за дијалог и утврдување на проблемите и изнаоѓање на решенија за нивно надминување. Форумот за МСП воспоставен за дијалог меѓу Министерството за економија и асоцијациите на МСП се покажа како успешен инструмент во креирањето на политиката на поддршка на претприемништвото и МСП.

Активностите на Форумот ќе јакнат преку работата на воспоставените работни групи.

Национален совет за претприемништво и конкурентност и понатаму ќе дава значаен импулс во јакнењето на дијалогот, особено на зголемување на конкурентноста на МСП.

Мерки и активности

- Пермантни состаноци на партнерите во дијалогот
- Јакнење на работните групи на Форумот
- Електронско поврзување на партнерите
- Активно учество во креирањето на развојните документи за МСП
- Редовни извештаи на НСПК за конкурентната способност на претпријатијата

## 5. СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ОД СТРАТЕГИЈАТА

Националната политика за развој на претприемништвото и на малите и средни претпријатија, покрај основната улога и законска обврска, што ја има Министерството за економија (Секторот за претприемништво и конкурентност), ќе се реализира и со активно учество на другите министерства и институции,

релевантни за развојот на овој сегмент на македонската економија. За таа цел, е нужно, цврста и постојана координација и тесна соработка и воспоставување на механизам (работно тело) за спроведување на Старатегијата за МСП.

Работното тело ќе го сочинуваат членови од:

- Министерство за економија
- Министерство за финансии
- Министерство за труд и социјална политика
- Министерство за образивание и наука
- Агенција за поддршка на претприемништвото
- Стопанска комора
- Здружение на стопански комори
- Форум за МСП
- Асоцијации

Секторот за претприемништво и конкурентност при Министерството за економија потесно ќе соработува и со други приватни/јавни институции кои се во служба на потребите на МСП.

Особено ќе се развива соработката со странските донатори со цел реализација на проекти со кои ќе јакне секторот на МСП.

***Предлог заклучоци:***

1. Владата ја разгледа и ја усвои „Ревидираната Национална стратегија за развој на малите и средни претпријатија (2002 – 2013)".